20260210312

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 11 став (15) од Законот за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за економија и труд, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕДИ И ПЕРИОДИЧНИ ИСПИТУВАЊА НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ЗА ТРАНСПОРТ НА ПРАВНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт на правните лица.

Член 2

Барањето за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт на правните лица се поднесува на образец на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-572/1
29 јануари 2026 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

**ПРИЛОГ**

| |
|---|
| *Место за приемен штембил на Министерството за економија и труд* |

До: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**

Јуриј Гагарин број 15, 1000 Скопје

**Б А Р А Њ Е**

**за добивање на решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања на техничка опрема за транспорт на правните лица**

1. Бараме да ни издадете решение за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања од областа на:

☐ Лифтови ☐ Жичари

☐ Дигалки ☐ Транспортери

2. Податоци за правното лице

| | |
|---|---|
| 2.1. Назив на правното лице - подносител на барањето | |
| 2.2. Седиште на правното лице - подносител на барањето | |
| 2.3. Матичен број на субјектот (МБС) | |
| 2.4. Даночен број на субјектот (ДБС) | |
| 2.5. Лице за контакт | |
| 2.6. Телефон за контакт | |
| 2.7. Електронска адреса (e-mail) | |

3.Во прилог ја доставуваме следната документација:

| | |
|---|---|
| 3.1 | Доказ за упис во Централниот регистер со регистрирана дејност; |
| 3.2 | Копии од обрасците М1/М2 за вработениот стручен кадар кај правното лице согласно техничкиот пропис од соодветната област; |
| 3.3 | Доказ за техничка опременост; |
| 3.4 | Доказ за позитивен бонитет, а за правните лица кои се новоосновани изјава од одговорното лице во правното лице дека во рок од шест месеци, сметано од денот на издавањето на решението за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања, ќе достави доказ за позитивен бонитет; |
| 3.5 | Сертификат за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија; |
| 3.6 | Потврда дека на одговорното лице во правното лице не му е изречена забрана за вршење на дејност со правосилна судска одлука; |
| 3.7 | Изјава заверена на нотар дека одговорното лице во правното лице и неговиот вработен стручен кадар одговорен за извршување на постапките за технички прегледи и периодични испитувања не се проектант, изведувач, снабдувач, производител, сервисер или монтажер на техничката опрема за транспорт, или е нивен овластен претставник, односно дека правното лице, неговите одговорни лица и неговиот стручен кадар не се вклучени директно или како овластени претставници во проектирањето, изведувањето, маркетингот или одржувањето на техничката опрема за транспорт; |
| 3.8 | Доказ дека има склучено договор за осигурување од одговорност од штета од вршење на работи за технички прегледи и периодични испитувања; |
| 3.9 | Доказ за уплатена административна такса во износ од **2.000,00 денари** по тарифен бр. 101, согласно член 37 од Законот за административните такси, на образец ПП50.<br>Цел на дознаката: Административна такса за издавање на Решение<br>- Назив на примачот: Министерство за економија и труд<br>- Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија<br>- Трезорска сметка: 1 00000000063095<br>- Уплатна сметка: 840 - _____ - 03161<br>- Приходна шифра: 722313 |

Подносител на барањето

Скопје,
_______________ година
(датум и место)

_________________________
(потпис и печат)